Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-5367/1
17.05.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

Врз основа на член 4 од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019 и 103/2021), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ПРАКТИКАНТИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
## број 02/2023

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува јавен оглас за ангажирање на **11 (единаесет)** практиканти, дипломирани или на завршна година на студии од областта на биотехнички науки (наука за земјиште и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, пчеларство, овоштарство, лозарство, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија, прехранбена технологија, преработка на анимални производи), компјутерска техника и информатика, правни науки, економски науки и/или природно-математички науки – хемија.

Периодот на траење на практикантската работа ќе биде 6 (шест) месеци.

Работното време на практикантите е 40 (четириесет) часа неделно (полно работно време).

Практикантите имаат право на надоместок за практикантската работа, утврдено согласно со закон, и тоа:

- 70% од минималната нето плата, утврдена согласно со закон, за практикантска работа до три месеци; и
- во висина на минималната нето плата утврдена согласно со закон, за практикантската работа над три месеци, сметано од четвртиот месец.

Во согласност со барањата од Законот за практикантство, практикантите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија
- да не се во работен однос
- да не се постари од 34 години и
- да имаат дипломирано или да се на завршна година на студии од областа на биотехнички науки (наука за земјиште и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, пчеларство, овоштарство, лозарство, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија, прехранбена технологија, преработка на анимални

производи), компјутерска техника и информатика, правни науки, економски науки и/или природно-математички науки – хемија.

**Општи работни компетенции кои се очекуваат од практикантите:**

- да поседуваат самоиницијативност, одлучност, желба за учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други-тимска работа и активно учество во процесот на практикантската работа.

**Потребна документација**

- пријава за вршење на практикантска работа (објавена на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: www.mzsv.gov.mk )
- копија од уверение за државјанство
- копија од диплома/уверение за завршено образование (за дипломирани лица), односно потврда од матичниот факултет дека кандидатот е запишан на завршна година на студии
- потврда од Агенција за вработување дека е невработено лице во оригинал (за дипломирани лица)
- кратка биографија

**Пријавата и потребната документација се доставува во рок од 10 дена од денот на објавување на огласот на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на следнава адреса:**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Сектор за човечки ресурси**
**улица „Аминта Трети„ број 2 - Скопје**
**со назнака** НЕ ОТВАРАЈ - ЗА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ПРАКТИКАНТИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО БРОЈ 02/2023

**Секоја неуредна достава или назнака нема да се разгледува.**

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поттикнува сите млади невработени лица кои ги исполнуваат условите да аплицираат на објавениот оглас и да ги искористат можностите на практикантство, кое подразбира работа преку учење и стекнување на практични вештини, со цел стекнување на

професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преминот кон редовно вработување.

При ангажирање на практикантите, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество.

По истекот на рокот за аплицирање сите уредни кандидати на оглас ќе бидат известени (по електронски пат) за времето и местото на одржување на интервјуто.

МИНИСТЕР

Љупчо Николовски